**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
## ЗА ОКТОМВРИ 2008 ГОДИНА

**Ноември, 2008**

## I. Зајакнување на институционалниот капацитет

1. Во октомври 2008 година се реализираа завршните активности околу воведување на Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти - EXIM, електронски систем кој ќе го користат 16 институции надлежни во областа на надворешно-трговското работење. Во рамките на подготовките за имплементација на EXIM, Владата на Република Македонија ја усвои Уредбата за воспоставувњето и начинот на користење на информационииот систем за обработка на податоци.

2. Со цел натамошно унапредување на информирањето на царинските службеници, корисниците на услугите и учесниците во царинските постапки, во октомври 2008 година Царинската управа донесе Упатство за начинот и постапката на објавување содржини на интернет страницата и интранет порталот на Царинската управа, со кое се уредува начинот и постапката на објавување содржини на интернет страницата и интранет порталот на Царинската управа.

3. Претставници на Царинската управа на Република Македонија во рамките на користењето на средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА 2007) на ЕУ, на 03.10.2008 година ги потпишаа извештаите за спроведените евалуации на компонентите (1) Техничка помош за понатамошно усогласување на законодавството со Acquis, (2) Техничка помош за зајакнување на граничните контроли и (3) Техничка помош за унапредување на царинскиот ИТ систем, компоненти кои го сочинуваат Проектот за реформа на Царинската управа. Царинската управа констатира дека и натаму постои голем застој и необјаснето одолговлекување во финиширањето со предметните ИПА проекти.

4. Во октомври 2008 година Царинската управа наплати 4.476 милиони денари (околу 73,4 милиони евра) на име вкупни приходи од увозни давачки, од кои 571 милиони денари (околу 9,4 милиони евра) на име царина и други царински давачки, 3.800 милиони денари (околу 62 милиони евра) на име ДДВ, 89 милиони денари (околу 1,4 милиони евра) на име акцизи и 16 милиони денари (околу 0,3 милиони евра) на име надоместоци. Во споредба со истиот месец 2007 година, вкупно наплатените увозни давачки се помалку за 6,5%.

   Причини на намалената наплата на увозни давачки во октомври 2008 во однос на октомври 2007 се следните:

   - Декларациите чие плаќање е обезбедено со гаранција за одложено плаќање на царински долг во октомври 2008 година изнесуваат 35% од вкупниот број на декларации, додека во 2007 година процентот на декларциите со одложено плаќање изнесувал 25% од вкупниот број на поднесени декларации или во апсолутен износ вредноста на декларациите обезбедени со гаранција за одложено плаќање е за 11% поголема во 2008 споредено со 2007 година;
   - Вредноста на увозот на стоки чија царинска стапка по Законот за царинска тарифа е 0, е за 25% поголема во 2008 година во однос на истиот перод во 2007 година. Ова го потврдува анализата на дваесетте тарифни ставки со најголемо учество (вредност) на увозот во месец октомври 2008 година, кои учествуваат со 38% во целокупната вредност на увозот.

   Воедно, во октомври 2007 година имаше вонредна наплата на заостанати увозни давачки од две компании (Фени и МЕПСО). Во случајот со Фени наплатени се 163 милиони денари (2,7 милиони евра), кои не биле наплатени во моментот на увозот,

бидејќи стоката била наменета за користење во слободна економска зона, која согласно важечките законски прописи е ослободена од наплата на царина и ДДВ. Во случајот со МЕПСО, согласно донесената Одлука за одобрување на средства за негова финансиска подршка од страна на Владата на Република Македонија, со цесија се префрлени 699 милиони денари (1,15 милиони евра) за ненаплатен ДДВ.

Во периодот јануари-октомври 2008 година Царинската управа наплати 42.930 милиони денари (околу 703,7 милиони евра) на име вкупни приходи од увозни давачки, што е 28% повеќе во однос на истиот период 2007 година кога беа наплатени 33.627 милиони денари (околу 551 милиони евра). Од вкупно наплатените буџетски приходи во периодот јануари - октомври 2008 година, на име царина и царински давачки наплатени се 5.330 милиони денари (околу 87,4 милиони евра) што е за 0,5% повеќе од истиот период 2007 година. На име ДДВ наплатени се 36.602 милиони денари (околу 600 милиони евра), што е за 33% повеќе во однос на истиот период 2007 година. На име акцизи наплатени се 776 милиони денари (околу 12,7 милиони евра) што е 4% повеќе во однос на истиот период 2007 година. На име надоместоци наплатени се 222 милиони денари (околу 3,6 милиони евра) што е 57% повеќе во однос на истиот период 2007 година.

## II. Административен капацитет

5. Царинската управа продолжи со спроведување на Програмата за обуки, и во нејзини рамки во октомври 2008 година беа реализирани следните активности:

- Беа интензивирани обуките за новопримените царински службеници. Согласно планот за обуки за 2008 година и Стратегијата за обуки и стручно оспособување на царинските работници беа одржани четири обуки кои се однесуваа на области како што се – тарифа, вредност и потекло на стока, МАКЦИС и мерки на трговска политика, Законски прописи кои се применуваат во царинското работење и Примарен и секундарен преглед.
- Во соработка со меѓународните донатори одржани се обуки за Ракување со системот за видео надзор, снимање и трансмисија, Идентификација на droги, Електронски систем за јавни набавки, Спречување на нелегална трговија.

На горенаведените настани (вкупно 37) учествувале 689 царински службеници, во времетраење од 8.021 час. Просечното времетрење на обука за вработените кои посетувале обука е 11,64 часа, додека просечното времетраење на обука за секој вработен е 9,44 часа.

Претставници на Царинската управа учествуваа и на повеќе меѓународни настани во странство. Позначајни се следниве: Одржлива реформа на Царинската администрација и развојни стратегии: Безбедност на контејнери; Попречување на нелегална трговија со нуклеарни и радиоактивни материјали; последната Конференција во рамките на Проектот за олеснување на трговијата помеѓу Република Македонија, Република Србија и Република Бугарија.

Соработката на Царинската управа со Амбасадата на Франција продолжува и понатаму со организирање на курсеви за изучување на француски јазик од страна на Францускиот културен центар.

## III. Интегритет и борба против корупција

6. Во октомври 2008 година, врз основа на различни сознанија и примени информации, беа реализирани 11 внатрешни истражни постапки во организационите единици на Царинската управа. За спроведените истраги изработени се 1 службени информации и 10 службени белешки1. Во истиот период беа изврши 3 внатрешни инспекции во три организациони единици на Царинската управа и беа изготвени 3 извештаи.

7. Во истиот период реализирани се осум дисциплински постапки против 8 царински службеници, од кои во два случаи е донесена дисциплинска мерка престанок на работен однос со Царинската управа, во четири случаи е изречена мерка парична казна, а во два случаи е запрена понатамошната постапка.

   Во периодот од 2003 година до сега, Царинската управа има поднесено кривични пријави против 205 царински службеници поради постоење на основано сомневање за сторено кривично дело злоупотреба на службена положба и примање на поткуп. Од вкупниот број на случаи во врска со поднесените кривични пријави 65 добиле разрешница, од кои во 20 случаи се одбиени кривичните пријави, обвинението е одбиено или е запрена постапката. Во 45 случаи е изречена правосила пресуда (казна затвор, условна казна или парична казна). За останатите предмети во кои се инволвирани 140 царински службеници, судските постапки се сеуште во тек, меѓу кои и случаевите за фиктивни извози на етил алкохол и фиктивен транзити на пилешко месо

   Само во изминатите две години (2007 и 2008) се поднесени 78 кривични пријави против 120 царински службеници. Од нив, Царинската управа до надлежните јавни обвинителства достави 52 кривични пријави против 67 царински службеници, а во соработка со Министерството за внатрешни работи и Финансиска полиција доставени се 26 кривични пријави против 53 царински службеници, за злоупотреба на службена должност и примање на поткуп.

   Како одговор на изречената дисциплинска мерка престанок на работен однос со откажување на Договорот за вработување поради сторени повреди на работа со кршење на работната дисциплина и непридржување на прописите кои важат за извршување на работите на работното место, отпуштените царински службеници покренуваат тужби против Царинската управа.

   Актуелниот број на работни спорови пред основните судови низ Република Македонија, во кои учествува Царинската управа е 71.

   Основните судови низ Република Македонија, сеуште ги немаат завршено кривичните предмети за злоупотреба на службена должност, фалсификување на исправа, недозволено држење на оружје или распрскувачки материи во кои се инволвирани царинските слижбеници. Поради неажурно водење на кривичните предмети царинските службеници против кои се покренети кривични пријави, се сеуште во работен однос во Царинската управа.

[1] Службени информации се изготвени кога по извршените внатрешни истраги постои основано сомнение дека царинските службеници работеле спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс. Службени белешки се изготвени кога по извршените внатрешни истраги не е утврдено работење на царинските службеници кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

Во одреден број случаи, со судските одлуки се поништуваат отказните решенија, што секако има негативно влијание врз превентивното делување во насока на сузбивање на незаконското работење на царинските службеници. Како резултат на ваквите пресуди од судовите, во Царинската управа на работа се враќаат царински службеници, за кои во дисциплинските постапки е докажано дека се огрешиле во службата.

Илустрација:

Царинските службеници распоредени на работни места во Царинската испостава Меџитлија - Царинарница Битола не извршиле царински преглед на 17 камиони со кои била увезувана руда во Република Македонија, за подоцна во истата да е пронајден сокриен текстил со вредност од 600 илјади денари (10 илјади евра), во обид да се прокрумчари во Република Македонија. На двајцата царински службеници им е изречен престанок на работниот однос. Но Основниот суд Битола во работните спорови на отпуштените царински службеници донесува пресуда во нивна корист. Одлуките пред Основните судови, Царинската управа ги обжалува пред Апелациониот суд во Битола и Врховниот суд на Република Македонија и чека нивна одлука.

Царинскиот службеник распореден на работно место цариник во ЦИ Богородица - Царинарница Гевгелија, вршел раздолжување на царинска документација на начин спротивен од оној пропишан со Упатство на Царинската управа, при што царинскиот документ за стока од поголема вредност увезена во Република Македонија го раздолжил со фалсификуван царински документ, со што овозможил избегнување на плаќање на увозни давачки во износ од околу 800 илјади денари (13 илјади евра). На службеникот му е изречен престанок на работниот однос со отказ за сторената повреда која правилно е утврдена од страна на основниот суд Скопје 2 Скопје, кој го потврдува отказното решение, а пак Апелациониот суд Скопје неосновано ја уважува жалбата на службеникот, ја укинува првостепената пресуда и предметот го враќа на повторно судење кое е во тек.

Пред Основен суд Куманово е во тек предметот на тужителот со која се бара поништување на решение за престанок на работен однос од страна на директорот на Царинската управа. Од страна на Царинска управа е водена дисциплинска постапка и е изречена дисциплинска мерка престанок на работен однос, а за истото дело паралелно се води кривична постапка за кривично дело примање поткуп. Во кривичната постапка отпуштениот царински службеник е осуден на казна затвор во траење од шест месеци со првостепена пресуда. Од страна на судот му е уважено тужбеното барање да се врати на работа, против која одлука има поднесено жалба од Царинска управа. Жалбата на Царинска управа е уважена од страна на Апелациониот суд Скопје и предметот е вратен на повторно одлучување. Во повторна постапка судот без да ги земе во предвид напатствијата дадени од страна на повисокиот суд по одржана расправа повторно го уважува тужбеното барање и ја задолжува Царинска управа да го врати тужителот на работа. Против оваа одлука е поднесена жалба до Апелациониот суд Скопје, кој се уште се нема произнесено по истата. Во меѓувреме со одлука на Судски совет, судијата кој го води овој предмет, при Основен суд Куманово е разрешен од вршење на функција судија поради нестручно и ненесовесно вршење на судиската функција.

Пред Основниот суд Битола во тек е предметот на тужител, отпуштен царински службеник со која се бара поништување на решение за престанок на работен однос донесено од директорот на Царинска управа. Од страна на Царинска управа е

изречена дисциплинска мерка престанок на работен однос по спроведена дисциплинска постапка, за непридржување кон execцарински правила и прописи што важат за вршење на работи на работното место. И покрај сите докази доставени во предметот и укажување дека од страна на тужителот во повеќе царински декларации не е постапено согласно царинските прописи, судот непознавајќи ја проблематиката на царинското работење како и првилата и прописите кои важат за вршење на работите и работните задачи, го има уважено тужбеното барање на тужителот да се врати на работа, против која одлука има поднесено жалба од Царинска управа. Апелациониот суд Битола се уште се нема произнесено по истата.

## IV. Транспарентност

8. Во октомври 2008 година преку отворената царинска телефонска линија (број 197) се примени вкупно 6.857 повика или во просек 221 повици на ден и тоа:
   - 5 повика се А класа ( информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по кои се превземени,
   - 6 повици се В класа (информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска Управа), проследени до одделение за разузнавање и истраги за дополнителна обработка,
   - 29 повици Ј класа (информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници.

9. До Гранична полиција се упатени вкупно 109 барања за асистенција, проверка на лица/возила за остварен влез или излез, а до Дежурниот центар за состојби при Бирото за безбедност на Министерството за внатрешни работи упатени се 6 барања и за сите е добиен одговор.

10. Во октомври 2008 година на официјалната интернет страна на Царинската управа објавени се 94 информации на македонски, англиски и албански јазик, додека на интранет порталот континуирано се објавуваат информации за вработените во Царинската управа.

## V. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

11. На 03 октомври 2008 година на граничниот премин Табановце-автопат (на македонско-српската граница), царинските работници на влез во Република Македонија, при преглед на товарно моторно возило во просторот наменет за багаж царинските работници открија сокриено малолетно лице од машки пол, државјанин на Република Србија, кое се обидело да ја мине границата без патна исправа.

12. На 14.10.2008 година на Граничниот премин Дојран (на македонско-грчката граница) Царинската управа на Република Македонија во соработка со Министерството за внатрешни работи, откри и заплени 32 килограми и 905 грама хероин.

    Товарното возило во кое е пронајден хероинот, било прегледано со помош на мобилен скенер, на кое првично било забележано дека во долниот дел на камионот кај ауспухот има затемнети кругови кои не би требало да постојат, што било доволна индикација да се пристапи кон детален преглед на возилото и стоката. По целосно

расклопување и детален преглед на ауспухот, царинските службеници, забележале дека тој во целост бил преправен во бункер, адаптиран и наменет исклучиво за пренесување на сокриена стока. Од неговата внатрешност биле извадени 66 пакетчиња по околу 500 грама со прашкаста материја кои биле облепени со селотејп трака. По првично спроведеното тестирање на непознатата прашката материја тестерите реагирале на наркотична дрога хероин.

13. На 28.10.2008 година царинските службеници на граничниот премин Табановце привремено одзедоа 2.880 шишиња вино  и 11.003 парчиња различни кондиторски производи (чоколади, карамели, тортици и сл.). Непријавената стока е пронајдена во товарно моторно возило со австриски регистарски ознаки, натоварено со 14.844 кг пецива  и двопек, испорачани од фирмата Gartner K.G.  од Австрија, наменети за фирмата Лидл од Република Грција.

    Следниот ден, на 29.10.2008 година, на истиот граничен премин за транзит низ Република Македонија пријавено е товарно моторно возило натоварено со 12.252 кг пецива, повторно испорачани од фирмата Gartner K.G. од Австрија, а наменети за фирмата Лидл од Република Грција. По извршениот физички преглед на возилото, пронајдени се непријавени 17.158 парчиња различни кондиторски производи (чоколади, бонбони, еурокрем и сл.), со вкупна вредност од 1,4 милиони денари (23 илјади евра).

14. Врз основа на разузнавачки информации и анализа на ризикот, специјалните мобилни единици на Царинската управа во октомври 2008 година извршија преглед на 632 камиони, 85 автобуси, 37 автомобили или на вкупно 754 возила на граничните премини и во внатрешноста, при што се запленети разни стоки (акцизна стока, текстил, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки) Истовремено, и царинските службеници на граничните премини и во внатрешните царински испостави спречија повеќе обиди за криумчарење, при што се запленети:
    - 30.000,00 евра
    - 16.660 парчиња цигари
    - 56.605 парчиња копчиња и нитни, 2.924 етикети за текстилни производи (платнени и книжни), 1.829 парчиња закачалки и делови за закачалки и 401 килограм амбалажа за пакување
    - 138.600 парчиња разновидна стока (новогодишни парчиња, вештачки нокти, новчаници, водени боици и  табли за пишување, крпи за бришење, држачи за завеси, ракавици, даски за сечење, цуцли, вештачко цвеќе, рачни батерии, склапери, лепези и останати предмети за домаќинството).
    - 20.500  парчиња козметика (КНА, маскара за очи)
    - 15.750 метри бакарна жица
    - 7.400  парчиња очила со различна диоптрија
    - 4.700 парчиња текстилни производи (женски маици, фустани, блузи, тренерки, ракавици, шалови,крпи и покривки), како и 725 метри платно
    - 1.900 парчиња ловечка муниција и прибор за ловечка муниција
    - 3 патнички авомобили и комби вклучувајќи и 3.400 парчиња на разновидна стока за автомобил, како и 160 литри моторно и хидраулично масло, 200 литри антифриз.

15. За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа доставени се 214 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои: 52 барања по прекршочна пријава за возила доставени од Министерството за внатрешни работи, 30 барања по записник за царински прекршок доставени од Секторот за контрола и

истраги, 105 барања по записник за царински прекршок доставени од царинските испостави, а останатите 27 се вратени предмети од Основните судови кои со решенија се огласуваат за ненадлежни. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа октомври реши 54 предмети во редовна и скратена постапка и за истите изрече глоба во вкупен износ од 5,97 милиони денари (околу 97,8 илјади евра) и ја одзеде стоката предмет на царински прекршок, како и две товарни моторни возила и едно патничко моторно возило.

16. Во текот на октомври Царинската управа издаде 372 покани за плаќање на глоба, односно изрече мандатни казни на сторителите на царински прекршоци во вкупен износ од околу 3,9 милиони денари (околу 63,8 илјади евра).

17. Во октомври 2008 година Царинската управа донесе 206 решенија за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 4,7 милиони денари (околу 77 илјади евра).

18. Во овој месец се извршени дополнителни контроли по разни основи во 25 трговски друштва, врз основа на кои се изготвени вкупно 226 предлози за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 6.819.278,00 денари.

19. Во овој месец Царинската управа до основните јавни обвинителства поднесе 23 пријави за покренување за кривична постапка против 26 физички лица и 11 правни лица.

    Основите за поднесување на кривични пријави во месец октомври 2008 година се следните: даночно затајување, поднесени се кривична пријава против 1 правно и 1 физичко лице; криумчарење, поднесени се кривични пријави потив 6 физички лица; царинска измама, поднесени се кривични пријави против 3 правни и 5 физички лица; недозволена изработка, чување и тргување со оружје и распрскувачки материјали, поднесена е кривична пријава против 1 физичко лице; недозволена изработка, чување и тргување со оружје и распрскувачки материјали, поднесена е кривична пријава против 1 физичко лице; транспорт и промет со акцизна стоки без бандероли, поднесена е кривична пријава против против 1 физичко лице; фалсификување и употреба на исправа, симнување и оштетување на царинско обележје, поднесени се кривични пријави против 7 правни и 11 физички лица. Вкупната вредност на стоката предмет на кривично дело изнесува 11,3 милиони денари (околу 185 илјади евра), ненаплатените односно избегнатите царински давачки изнесуваат 7,5 милиони денари (околу 123,3 илјади евра).

20. Во октомври 2008 година Царинската управа спречи 12 обиди за повреда на право од интелектуална сопственост и привремено задржа 265.677 парчиња различна стока. Царинската управа, согласно Законот за заштита на правата од интелектуална сопственост постапуваше по службена должност во 6 случаи при што задржа стока поради основано сомнение дека повредува право од интелектуална сопственост за следните трговски марки: Energie, Playboy, Hardyed, двапати за TM Lotto и Calvin Kline.

    Во три случаи на задржана стока со ознака на трговските марки Energy и TM Lotto стоката беше пуштена во слободен промет, бидејќи во законски предвидениот рок од од 3 работни дена до Царинската управа не беше поднесено барање за преземање на царински дејства од страна на носителите на право. Во два случаи, за стока со ознака на трговските марки TM Playboy и TM Hardyed, известена е Комисијата за одлучување по прекршок, бидејќи оваа стока е предмет на прекршочна постапка. За

задржаната стока по службена должност од трговската марка Kalvine Cline, постапката е во тек.

Најголем дел од привремено задржаната стока ја сочинуваат:
- 257.400 парчиња CD-а,
- 5.466 парчиња облека и текстил (панталони, кошули, блузи, долен веш и др.),
- 2.035 парчиња спортска опрема (тренерки, спортски торби, топки и др.),
- 400 парчиња рачни часовници и
- 376 парчиња каиши (кожни и платнени)

Во овој период прифатени се 6 нови барања за преземање на царински дејства според Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост и тоа за следните трговски марки: Smart Export, Smart; Milde Sorte Filter, Milde Sorte; Ronson; Memfis International, Memfis; Air Blue и Meine Sorte, воедно одобрено е продолжување на рокот за наредната година за 7 трговски марки регистрирани од минатата година.

Во октомври Царинската управа спроведе уништување на 123.590 парчиња фалсификувана стока, согласно Законот за царински мерки и заштита на правата од интелектуална сопственост. Уништената фалсификувана стока се состои од: парфеми Emporio Armani и Laura Biagiotti, чадори за сонце Coca Cola и Pepsi, презервативи од трговската марка Durex и хигиенски влошки од трговската марка Every Day.

## V. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

21. На 17 октомври 2008 година директорот на Царинската управа, г-дин Ванчо Каргов, во Брисел оствари средба со Генералниот секретар на Светската царинска организација Кунио Микурија.

    На оваа средба беа презентирани достигнувањата на Царинската управа на Република Македонија во изминатиот период во поглед на хармонизацијата на царинското законодавство со законодавството на ЕУ, зголемувањето на административниот капацитет и соработката со Светската царинска организација. Воедно, беше побарано интензивирање на активностите околу продолжување на втората фаза од Рамката на стандарди за олеснување и безбедност на меѓународната трговија и примена на препораките од Колумбус 2 Програмата. Царинската управа ја потврди заложбата за отварање на Регионален тренинг центар на СЦО во Република Македонија.

    Во однос на примената на софтверот на студијата за мерењето на времето и електронското учење, беше истакнато задоволството на Царинската управа во поглед на овие програми, а од страна на Генералниот секретар беше упатена покана за презентација на извештаите за примената и напредокот во користење на едношалтерскиот систем, на наредниот состанок на Техничкиот комитет на СЦО.

22. Во организација на Европската комисија во периодот од 15-18.10.2008 година, претставници предводени од директорот на Царинската управа на Република Македонија присуствуваа на 9-тиот состанок на Работната група за Пан-Евро-Мед кумулација на потекло на стоки. На состанокот, кој беше поврзан со проширувањето на системот за кумулација на пан-евро-мед кумулацијата на потекло на стоки кон земјите од Западен Балкан, се потврди вклучувањето на Република Македонија во Регионалната конвенција за преференцијално потекло на стоките.

23. Во текот на октомври со цел натамошно зајакнување и подобрување на комуникацијата и соработката на Царинската управа на Република Македонија со бизнис заедницата, Директорот на Царинска управа, оствари повеќе работни средби со претставници на бизнис заедницата, увозници, извозници, шпедитери и други партнери на Царинската управа.

    На средбите, Директорот ги информираше присутните со актуелните и иднина активности на Царинската управа во врска со олеснувањето на увозот и извозот на стоки, во и од царинското подрачје на Република Македонија.

    Во таа насока, претставниците на бизнис заедницата ги истакнаа проблемите со кои се соочуваат при спроведувањето на царинските формалности и дадоа свои сугестии за решавање односно надминувањето на истите. Беше договорено дека проблемите и пречките со кои се соочуваат претставниците на бизнис заедницата ќе бидат надминати брзо и на начин поволен за двете страни.

    Вакви средби беа остварени во десетина градови во Република Македонија (Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Скопје, Тетово, Куманово, Делчево, Штип и Велес), на кои учествуваа претставници на повеќе од 250 фирми, учесници во царинската постапка.

24. Во рамки на Вториот проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа - ТТФСЕ II, во периодот од 29 септември до 9 октомври 2008 година, во Царинската управа на Република Македонија присуствуваше Мисија на Светската Банка предводена од г-динот Андреас Шлиеслер - Специјалист за транспорт. Мисијата имаше за цел да го ревидира прогресот на проектот, да констатира наоди и да даде препораки за нивно надминување. Во доставениот Записник од мисијата - Aid Memoire, Банката изрази задоволство од напредокот на сите активности од проектот кои ги спроведува Царинската управа.

25. На ниво на директори на царински служби, на 14.10.2008 година се одржа работен состанок помеѓу претставници на Царинската управа на Република Македонија и Царинската служба на УНМИК - Косово.

    На состанокот двете администрации ги презентираа позначајни активности и разменија информации предмет на заеднички интерес. Царинската управа на Република Македонија како актуелни активности ги наведе: поедноставањата при спроведување на царинските постапки; отварањето на царинскиот терминал Блаце за стоково царинење; укинување на царинската испостава Волково и нејзиното префрлање во царинската испостава Трубарево; спроведувањето на постапката за размена на информативни листи помеѓу Република Македонија и Косово за ризичните стоки; беа покренати прашањата за 70% од нелегалниот увоз на цигари, кој доаѓа од Косово во Република Македонија и можноста за експропријација на земјиштето на граничниот премин Јажинце.